Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З

**за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 јануари 2019 година.

Број 08 – 103/1
9 јануари 2019 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
д-р Ѓорге Иванов, с.р.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**
м-р Талат Џафери, с.р.

Дека преписот е верен на оригиналот тврди:

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

Неџбедин Ибраими

**ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**

**Член 1**

Во Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" број 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16 и 189/16), во членот 36 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Концесија за експлоатација на минерални суровини не може да се додели за постапки со лужење или флотација на металични минерални суровини со цијаниди или со сулфурна киселина во рудници со отворен коп. Исклучок се концесиите за експлоатација на металични минерални суровини на веќе постојните рудници.".

**Член 2**

Во членот 42 став (5) по алинејата 5 се додаваат две нови алинеи 6 и 7, кои гласат:

„- техничко-технолошки елаборат за постапката за експлоатација на минерални суровини со техниките и супстанциите што ќе се применат,

- потврда за депонирана финансиска гаранција во случај на штетни ефекти по животната средина.".

Во ставот (11) зборовите: „во рок од 15 дена" се заменуваат со зборовите: „во рок од 30 дена''.

Во ставот (15) зборовите: „во рок од 15 дена" се заменуваат со зборовите: „во рок од 30 дена''.

**Член 3**

Во членот 45 став (2) по алинејата 2 се додаваат две нови алинеи 3 и 4, кои гласат:

„- видот на постапката за експлоатација на минерални суровини со техниките и супстанциите што ќе се применат,

- податоци за депонирана финансиска гаранција во случај на штетни ефекти по животната средина,".

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".